Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02 и „Сл. Весник на РСМ“ бр.202/24) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 19/20, 14/20, 8/19 и 5/21) а во согласност со член 49, став 1, алинеја 7 од Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ“ бр.67/04, 81/07, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016 и „Сл. Весник на РСМ“ бр.152/2019), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на ценовникот за користење на услуги што ги дава Териториjалната противпожарна едниница – Битола на физички и правни лица

### Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Битола утврдува ценовник за користење на услугите што ги дава Територијалната противпожарна единица Битола кои можат да се даваат на физички и правни лица.

### Член 2

Под услуги што ТППЕ ги дава на физички и правни лица се сметаат: користење на противпожарно возило со пожарникари, како и користење на друга техничка опрема.

### Член 3

Давање на услуги и видот на техничката опрема и услуга што се бара се врши по претходно поднесено барање од барателот. Кон барањето физичкото односно правното лице, поднесува и изјава дека е запознаен со условите и цената на давањето на услугата и дека истата во рок од пет дена од добивањето на пресметката/фактурата ќе ја исплати на жиро сметка на Општината Битола.

За давање на услугата одлучува Градоначаникот на Општината или од него овластено лице по претходен писмен извештај од страна на Командирот на ТППЕ или негов заменик.

### Член 4

Со оваа одлука се врши ослободување од плаќање на услугите од член 2 на:

- Верските објекти на територијата на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила,
- Настани во организација на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила и
- Спортските клубови во кои општината има акционерско учество.

Член 5

Ценовникот за користење на услугите што ги дава ТППЕ на физички и правни лица е составен дел на оваа Одлука.

Член 6

Паричните средства од давањето на услугите и користењето на противпожарната опрема, ќе се уплатуваат на сметка на општина Битола и истите ќе се наменети за потребите на ТППЕ Битола.

Член 7

Со стапување на сила на оваа Одлука престанува со важност Одлуката за утврдување на ценовникот за користење на услуги што ги дава Територијалната противпожарна единица – Битола на физички и правни лица со бр.09-437/7 од 10.07.2015 година.

Член 8

Составен дел на оваа Одлука е Ценовникот за користење на услуги шти ги дава ТППЕ Битола на физички и правни лица.

Член 9

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во„Службен гласник на Општината Битола".

Бр 09-4/7
29.01.2026 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА БИТОЛА

# Ц Е Н О В Н И К

за користење на услуги шти ги дава ТППЕ Битола на физички и правни лица

**I.Вршење на услуги со ПП возила:**

1.За носење на техничка вода со автоцистерна на територијата на Општината Битола, Општината Могила и Општината Новаци се наплатува за една (1) цистерна 4.000,00 денари;

2.За користење на против пожарно возило за обезбедување на саеми, јавни приредби, спортски натпревари, индустриски и други објекти се наплатува за еден (1) час 3.500,00 денари.

**II.Услуги со моторни и електрични пумпи:**

1.За работа со моторна пумпа се наплатува за еден (1) час 1.500,00 денари.

2.За работа со електрична пумпа со капацитет од 600 литри во минута се наплатува за еден (1) час 700,00 денари.

3. За работа со електрична пумпа со капацитет од 3.000 литри во минута се наплатува за еден (1) час 1.150,00 денари.

4. За работа со моторна пумпа со капацитет од 4.000 литри во минута се наплатува за еден (1) час 2.000,00 денари.

Времето за работа на пумпата се пресметува од излегувањето на пумпата од единицата до нејзиното враќање во истата.

**III.Услуги со генератор за производство на електрична енергија**

1.Работа со генератор за производство на електрична енергија се наплатува за еден (1) час 500,00 денари.

2.Работа на рефлектор за осветлување од 1000 W се наплатува за еден (1) час по 300,00 денари.

**IV.Услуги со против пожарни скали**

1.За скала растегнувачка се наплатува за еден (1) час 1.000,00 денари.

2.За скала кукача се наплатува за еден (1) час 800,00 денари.

3.За скала за наставување се наплатува за еден (1) час 400,00 денари.

4.За морнарска скала се наплатува за еден (1) час 200,00 денари.

Времето за користење на скала се пресметува од излегувањето на скалата од единицата до нејзино враќање во истата.

**V.Цена за работна рака**

1.За ангажирање на работник при вршење на услугите од Единицата за против пожарна заштита, се наплатува за еден (1) час 200,00 денари.

2.За работниците кои при вршење на услугата на терен ќе се задржат подолго од осум (8) часа се пресметува и дневница, а доколку има и ноќевање трошоците за истото паѓаат на товар на корисникот на услугата.